СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT
NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SE VERIUT
Бр. 04-70/9
25.02.2022

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21), в.д. Претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 2/2022 за унапредување на административни службеници во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, објавен на веб страната на Советот и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Советник за лиценцирање, Директорат за контрола, надзор и лиценцирање, Дирекција за Контрола, надзор, лиценцирање, меѓународна соработка и развој - 1 извршител, се избира следниот кандидат:

- Марија Кузманов.

2. в.д. Претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија во рок од 3 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за работното место Советник за лиценцирање, Директорат контрола, надзор и лиценцирање, Дирекција за Контрола, надзор, лиценцирање, меѓународна соработка и развој - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, формирана со Решение бр. 04 – 70/6 од 22.02.2022 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-70/7 од 25.02.2022 година, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записник заведен под број 04-70/8 од 25.02.2022 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-70/8 од 25.02.2022 година ја изготви предлог одлука за избор на единствениот рангиран кандидат и истиот го достави до в.д. Претседателот на Советот.

Согласно со член 52 од Законот за административни службеници раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од три дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го предвид горенаведениот член, в.д. Претседателот на Советот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: *Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.*

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архивата на Советот.

**В.д. Претседател на Советот,**
**Ване Цветанов**